РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT
Бр.-Nr. 09- 947/2
13.02. 2020 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став 7 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019, Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по сопствена иницијатива, на дваесет и шестата седница одржана на ден седми февруари 2020 година донесе

**О Д Л У К А**

СЕ ЗАПИРА постапката за утврдување судир на интереси против службеното лице Елена Иванова бидејќи не е утврдена состојба на судирот на интереси согласно член 77 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 09-5261/1 од 18.11.2019 година, да се затвори и да се архивира.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-5261/1 од 18.11.2019 година е оформен по сопствена иницијатива против службеното лице Елена Иванова каде што е констатирано дека покрај функцијата член на Управен одбор во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа е и член на Управен одбор на Агенција за промоција и поддршка на туризмот.

Заради целосно утврдување на фактичката состојба по отворениот предмет, Државната комисија прибираше податоци по службена должност од кои се утврди дека се работи за лице со исто име и презиме, односно Државаната комисија утврди дека лицето Елена Иванова е член на Управен одбор во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа, именувана од Владата на Република Северна Македонија, но истата таа не е и член на Управен одбор на Агенција за промоција и поддршка на туризмот.

Од вака констатирана фактичка состојба, Државната комисија на седницата одржана на ден седми февруари 2020 година, по разгледување на сите предметни наводи констатира дека Државната комисија во конкретниот предмет нема надлежност за понатамошно постапување, затоа што лицето Елена Иванова за кое е отворен предмет по сопствена иницијатива истовремено не извршува две јавни функции, односно не е утврдена состојба на судир на интереси согласно член 77 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил:
м-р Ема Нешковска- Соработник
Одобрил:
Горан Трпеноски, член на ДКСК


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk